**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

**на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 2 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24), Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, на ден ___-___2024 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со број 0101-1576 од 24.09.2015 година, **насловот на Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, се менува и гласи: „Правилник за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.**

**Член 2**

Низ целиот текст на Правилникот за внатрешна организација, зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ **се заменуваат со зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**“.

**Член 3**

Во глава II. ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ во Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во членот 5, точката 2 која гласи „Сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор, со следните одделенија:

- Одделение за работи од областа на работните односи;
- Одделение за внатрешни работи и граѓаснки сектор;

**се менува и гласи: „Сектор за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор, со следните одделенија:**

- **Одделение за работи од областа на работните односи;**
- **Одделение за внатрешни работи и граѓански сектор и**
- **Одделение за инспекциски надзор.“**

**Член 4**

Во глава III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ во Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во членот 8, во првата реченица зборовите „Секторот за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор“ се заменуваат со зборовите „Секторот за работни односи, внатрешни работи, граѓански сектор и инспекциски надзор“, а по зборовите: „Министерство за одбрана“, точката од крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и за одлучување по жалби против акти донесени во постапка по инспекциски надзор од страна на јавните органи утврдени со Законот за општата управна постапка.“

**Член 5**

Во глава III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ во Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, по членот 10, се додава нов член „10-а“ кој гласи:

„10-а

Во **Одделението за инспекциски надзор** се вршат работи и задачи за изготвување на предлог – решенија по жалби против актите донесени во постапка по инспекциски надзор од страна на јавните органи утврдени со Законот за општата управна постапка.

Во одделението се вршат стручно – аналитички и оперативни дејствија за подготвување на решението на Државната комисија по однос на поднесената жалба."

**Член 6**

Графичкиот приказ на организацијата на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (органограм) е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила на 19 септември 2024 година, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

**Раководно лице на орган/институција**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА НАДИЕВА**

**Број** 0101-798/1

08.10.2024 **година**

30б-16-10-2024